Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за врабоитување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Кавадарци, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017, Програмата Општинско – корисна работа, општина Кавадарци на ден 14.09.2017 година објавува,

**Ј А В Е Н П О В И К**

Се повикуваат сите СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА КОИ ЖИВЕАТ САМИ, ОДНОСНО СО СВОЈОТ БРАЧЕН ДРУГАР НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ГРИЖА, ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА НЕГА КАКО И ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД КОИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД ПОДДРШКА да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект " Грижа за стари, изнемоштени, инвалидизирани и лица со оштетен вид" како крајни корисници на следните услуги:

- Елементарна помош и грижа ;
- Набавка и достава на лекарства и други намирници за кои ќе се јави потреба;
- Набавка и достава на храна и други неопходни продукти за егзистенцијални потреби;
- Плаќање на месечни сметки за струја, телефон, вода и слично;
- Заедничко дружење со лицата корисници на проектот

Корисниците поддржани со Програмата Општинско-корисна работа кои ќе бидат избрани се предвидува горенаведените услуги да ги користат во период од шест месеци.

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Општина Кавадарци, Центар за социјална работа Кавадарци и Здружение на слепи лица на град Кавадарци во периодот од 14.09.2017 година до 20.09.2017 година.

Изготвил: Вишна Ристовска П.
Контролирал: Тодор Ефремов
Одобрил: Кире Делов